# КОМЕНТАРИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

| Коментари од особено значење за функционирањето на електроенергетскиот систем | |
|---|---|
| **Член 16** | **Образложение** |
| Да се избрише рокот во ставот (1) | Сметаме дека има потреба да се избрише рокот од овој став поради неусогласеност со останати рокови од други членови |
| **Член 18** | **Образложение** |
| Да се преработи членот | Сметаме дека има потреба да се да се усогласат роковите за приклучување |
| **Член 19** | **Образложение** |
| Да се преработи членот | • Базирано и на Директивата 944/2019 ОДС, член 6.2 да има право да го одбие барањето за прикучување ако нема технички услови, според тоа сметаме дека одредбата дека ОДС мора да го приклучи да се брише. Алтернативното решение може да значи и преголеми и неисплатливи трошоци за инвеститорот.<br>• Укажуваме да се брише рокот за приклучок на централата од став 3, самата изградба зависи од повеќе фактори надвор од надлежностите на ОДС, градежни дозвои, технички инспекции што може да го усложнат и одолжат процесот на приклучување<br>• Укажуваме да се брише став 4 поради визок ризик од конфликтни ситуации |
| **Член 63** | **Образложение** |
| Да се преработи членот | • Во ставот 6, да се допрецизира дека поставувањето на броила е од страна на операторот на соодветниот систем, преносен или дистрибутивен. Пресметките за надоместоци треба да се прават врз основа на измерените податоци од пресметковното броило од ОДС/ОЕПС.<br>• ОДС не може да постави мерење во внатрешна инсталација на корисник |

<table>
<tr><th>Член 65</th><th>Образложение</th></tr>
<tr><td>Да се предвиди преоден период за имплементација на обврските на операторите на системи дефинирани во ставот (7)</td><td><ul><li>За овој концепт да функционира е потребно да се исполнат технички предуслови од страна на операторите на системи. Самиот став предвидува „воспоставување на соодветни информациски системи“ што не е едноставен процес, имајќи ја предвид сложеноста на односите кои ќе настанат при споделувањето на енергија помеѓу корисниците, наспроти обврските кон нивните снабдувачи.</li><li>Пред да се отпочне со техничката имплементација на соодветните решенија, потребно е јасно и детално дефинирање правата и обврските на сите чинители, за да може да се развие соодветното техничко решение.</li></ul></td></tr>
<tr><th>Член 66</th><th>Образложение</th></tr>
<tr><td>Ставот (1) да се избрише.<br><br>Во ставот (2) кој ќе стане став (1), точка 2. да се избрише.<br><br>Ставот (4) да се избрише.</td><td><ul><li>Став 1 ОДС да се изземе од обврската за превземање на енергија, истата е непотребна особено што станува збор за потрошувач-производител кој ужива заштита на своите потрошувачки права. Во време кога односниот приклучок е под напон, нормално е дека ќе постојат текови на енергија во двете насоки. Ако остане може да се интерпретира дека ОДС мора да ја превзема енергијата во секое време и да се создаде забуна кај корисниците во случај на прекини во испораката на енергија.</li><li>По однос на став 2, точка 2, сметаме дека треба да се брише поставувањето на контролни броила, заради следното:<ul><li>ОДС е должен да ја мери енергијата која се превзема и предава во мрежата. ОДС го утврдува местото на мерење каде го поставува броилото кое најчесто се поставува на граница на сопственоста. Контролно мерење е дел од внатершна инсталација и не треба да биде обврска на ОДС.</li><li>Дополнително од технички аспект точките на приклучување на производните единици не се исти и стандардизирани и во некои случаеви нема техничка можност за монтажа на ваков тип на контролно мерење.</li><li>Да се земе предвид и дека се јавуваат дополнителни трошоци за набавка и верификација на ваков тип на броила</li></ul></li><li>Став 4 да се брише, затоа што ОДС има право и обврска да подесува заштита исклучиво за заштита на електродистрибутивната мрежа.</li></ul></td></tr>
<tr><th>Член 67</th><th>Образложение</th></tr>
<tr><td>Во ставот (1), точка 5. да се избрише.</td><td>Укажуваме дека ОДС нема можност за ажурирање на овие промени, тие промени не се однесуваат на работењето на мрежата ОДС</td></tr>
</table>

| Член 68 и Член 70 | Образложение |
|---|---|
| Во член 68 во ставот (1), точка 1. **да се избрише.** Точка 2. да се преработи за да се вгради направената измена.<br><br>**Член 70 да се избрише.** | • Нето мерењето **создава притисок за зголемување на тарифите за дистрибуција** на електрична енергија<br>  ○ Нето мерење неминовно води кон намалување на испорачаните количини на електрична енергија што при дадени трошоци математички води до повисоки тарифи за дистрибуција на електрична енергија<br>  ○ Шемата на нето нето мерење создава дискриминирачки пристап кон коринисиците кои не се во можност да инсталираат производни единици, а ќе бидат приморани да го зголемат својот удел во покривањето на трошоците на електродистрибуциниот систем преку зголемените тарифи. Со други зборови, товарот од покривање на трошоците на ОДС ќе се префрли од оние корисници кои имаат финасиска можност да инсталираат производни постројки кон корисниците кои немаат таква можност.<br>  ○ И покрај релативно малата моќност на засегнатите корисници, имајќи ги предвид светските трендови, се очекува значително зголемување на овој вид на корисници во периодот кој следи.<br>• Според директивата за електрична енергија, а воедно и заклучок од Атинскиот форум на Енергетската Заедница, **потребно е шемите на нето мерење е да се напуштат до 31 декември 2026 година**. Во сите случаи каде што сеуште постојат шеми на нето мерење, се препорачува нивна постепена транзиција кон нето пресметка (net billing) |

## Коментари во насока на подобрување на текстот и функционалноста на законот

| ЧЛЕН 2 | Образложение |
|---|---|
| Да се преработи | • Сметаме дека јавен интерес не може да биде  постапка за планирањето, одобрувањето, изградбата и приклучувањето на енергетски капацитети кои користат ОИЕ , туку управувањето со јавните добра и добрата од општа употреба.<br>• Да се води сметка за заштита на земјоделското земјиште како најзначаен природен ресурс и да се спречи негово уништување заради изградба на објекти за производство на електрична енергија од ОИЕ |

| | |
|---|---|
| | • Сметаме дека интересот за изградба на ОИЕ треба да се усогласи со интересите за заштата на животната средина, природата (истото се споменува во директивата 944/2019 член 16.7 и 16.8)<br>• Со предложените одредби сметаме дека се нарушува недискриминаторниот пристап на мрежа – батерии пред главниот таргет потрошувачи<br>Да се додаде ограничување при доделување на приоритет и во однос на вредноста на инвестицијата или инсталиран капацитет |
| **Член 3** | **Образложение** |
| Да се преработи | • Сметаме дека е потребно допрецизирање во врска со Националните задолжителни придонеси со закон како главна цел како што тоа е направено со Директивата за 2001/2018<br>• Дополнително сметаме дека треба да се додаде и обезбедување на недискриминаторен и транспарентен пристап на мрежа |
| **Член 4** | **Образложение** |
| Да се доработи | • Да се додаде дефиниција за реверзибилни и пумпно акумулациони ХЕЦ<br>• Во точка 20 во дефиницијата да се избрише зборот „или“<br>• Во точка 22 да се додадат и топлински пумпи<br>• Да се допрецизира дефиницијата во точка 25 во смисла на појасна разбирливост дали се мисли на приклучокот или во самата централа |
| **Член 10** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се додадат истите чинители од став 1 |
| **ГЛАВА IV** | **Образложение** |
| Да се провери | Укажуваме да се води сметка со усогласување со законот за градење |
| **ЧЛЕН 12** | **Образложение** |
| Да се преработи | Да се доработи наместо „Министерството во соработка со операторите“ да стои „по предлог на операторите „ затоа што операторите се одговорни за системот за пренос и дистрибуција на електрична енергија |

| Член 15 | Образложение |
|---|---|
| Да се доработи | Да се прецизира процената на влијанието врз животна средина да се однесува за објекти за чија изградба не се користи земјиште и друг природен ресурс односно се поставуваат на кров на веќе изградени објекти |
| **Член 20** | **Образложение** |
| Да се доработи | • Предлагаме мерките заподдршка (премија) да се однесуваат за објекти со капацитет до 1 MW<br>• Премиите се механизам за поддршка за ОИЕ со помал капацитет, додека ППА договорите се применуваат за објекти со поголема моќност<br>• Повластените тарифи како мерки за подршка  не се дел од Директивата 2001/2018. Товарот на финансирањето да не биде преку цената на електричната енергија која ја плаќаат граѓаните, односно граѓаните да не плаќаат поскапа електрична енергија за приватни бизниси интереси |
| **Член 22** | **Образложение** |
| Да се доработи | • Укажуваме да се земе во предвид во тригодишниот план да се  води сметка за сигурноста и безбедноста на преносната и дистрибутивната мрежата и техничка можност да прифати нови објекти за ОИЕ.<br>• Дополнително квотите да се однесуваат на неискористениот капацитет на мрежата |
| **Член 25** | **Образложение** |
| Да се преработи | • Согласно со Директивата, мерка за поддршка да не се доделува на складишта туку само на производство<br>• Во ставот 7 да се корегира повикување наместо став 6 став 3<br>• Да се дефинираат условите за доделување на поддршка за објекти со спроведена реконструкција. Да се прецизира процентот на реконструкција на објектот (пр. над 80%) како услов за добивање на мерка за поддршка |

| Член 27 | Образложение |
|---|---|
| Да се доработи | • Предлагаме да се прецизира недвосмилено дека инвеститорот е должен да уплати средства за рекултивација на земјиштето по истек на животниот век на објектот<br>• Да се предвиди дека ќе се ажурира гаранцијата секоја година согласно стапката на инфлација и трошоците<br>• Да се намали рокот, 60 дена е доволно време за отстранување на фотонапонска електроцентрала |
| **Член 28** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се предвиди можност за обезбедување на гаранција и од странска банка |
| **Член 29** | **Образложение** |
| Да се брише | Укажуваме дека повластените тарифи (feed-in) како мерка за поддршка не се предвидени со Директивата за ОИЕ . Повластените тарифи не треба да се на товар на граѓаните, според тоа треба да се бришат како мерка за подршка |
| **Член 40** | **Образложение** |
| Да се доработи | • Предлагаме мерката за поддршка премија да се доделува на електроцентрали со инсталиран капацитет до 1 MW<br>• Да се оденсува за тој дел и да не се меша со целокупното производство. Потребно е посебно мерење и да се однесува за иста технологија |
| **Глава XI** | **Образложение** |
| Да се доработи | Глава XI содржи премногу објаснувачи норми отколку императивни па затоа е потребно да се преработи и да се регулира со Правилник |
| **Член 51** | **Образложение** |
| Да се доработи | • Укажуваме точката 2 од став (3) на член 51 да се брише или да се допрецизира со зборовите „или превземена од мрежа“. ГП неможе да се издаваат за складишта на енергија.<br>• ГП да се издава и за енергијата која е произведена по стекнување на лиценца за производство |

| **Член 52** | **Образложение** |
|---|---|
| Да се доработи | • Пред зборот надоместок да се додаде административен<br>• Издавањето на ГП не е управна постапка и не треба да подлежи на никаков надомест. Во минатото имавме случаи кога висината на надоместокот не беше воопшто утврдена и се чекаше  долго време за имплементација на ГП. Кога надоместоците се утврдија како инструмент тие исклучително  високи и никој не бараше издавање на ГП .<br>• Да се изработи соодветен допис/документ за оваа намена |
| **Член 53** | **Образложение** |
| Да се брише | Не постои ваква одредба во директивата за ОИЕ |
| **Член 54** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се допрецизира 18 месеци од првиот ден на производство |
| **Член 55** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се подреди согласно одредбите од Директивата 2001/2018 |
| **Член 59** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се регулира со Правилник |
| **Член 60** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се пропише содржината на правилата за ОИЕ |
| **Член 62** | **Образложение** |
| Да се доработи | ППА договор се склучува со државата за реализација на проект за изградба на ОИЕ кој ќе гарантира откупна цена за покривање на трошоците за инвестицијата . ППА договори не се договори за снабдување.Урбанистички проекти немаат никаква врска со ППА |

| **Член 63** | **Образложение** |
|---|---|
| Да се доработи | • Да се објасни кој е потрошувач производител (ПП) т,.е дека примарно е потрошувач кој произведува електрична енергија за сопствени потреби и ја троши на лице место а вишокот го предава во дистрибутивната мрежа по пат на договор со Снабдувач<br>• ПП не треба да има право на мерки за поддршка и не произведува за продажба туку за сопствени потреби |
| **Член 73** | **Образложение** |
| Да се доработи | Да се допрецизира дали се мисли на одобрената едновремена моќност на објектот или збирот на поединечни моќности по броило (11 kW) |
| **Член 76** | **Образложение** |
| Да се доработи | Укажуваме да не се зема во предвид  повластени тарифа како мерка за поддржа на заедниците |
| **Член 82** | **Образложение** |
| Да се избрише ОДС од став 1. | ОДС нема надлежност во операторите на системите за ладење и греење |
| **Член 83** | **Образложение** |
| Да се преуреди | • Во ставот 1 посоодветно е потрошувачката на ОИЕ во транспортот да се планира со Енергетски биланс<br>• Во ставот 3 да се додеде и електрична енергија од ОИЕ и хидроген<br>• Во ставот 4 да се избришат трговците со сурова нафта |
| **Член 96** | **Образложение** |
| Да се преуреди | • Измешани се обврските на потрошувач-производител и ОДС за контролно броило<br>• Во ставот 1 точка 15  Трговец не поставува двонасочно броило, да се брише |
| **Глава XVIII** | **Образложение** |
| Да се преработи | Да се преработи цела глава за Прекршоци бидејќи се измешани надлежностите и одговорноста |